Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 јануари 2006 година.

Бр. 07-470/1
31 јануари 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Член 1

Во Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" број 67/2004) во членот 139 став 1 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

"5) ја утврдува висината на надоместоците пропишани со членот 141-а на овој закон;".

Точките 5 и 6 стануваат точки 6 и 7.

Во ставот 2 по зборовите: "точка 1" се додаваат зборовите: "и на висината на надоместоците од ставот (1) точка 5 на овој член".

Член 2

По членот 141 се додава нов член 141-а, кој гласи:

"Член 141-а

Финансирање на јавната установа - Национален парк

Јавната установа Национален парк се финансира од:

- надоместок за влез и посета на национален парк;
- надоместок за паркирање во национален парк;

- надоместок за посета на посебни објекти во национален парк;

- надоместок за контролиран отстрел на диви животни и собирање на диви видови растенија и габи и други шумски плодови во национален парк;

- надоместок за престој во национален парк;

- средства стекнати за вршење на активности согласно со членовите 105 и 106 од овој закон и

- други извори (донации, грантови, кредити, подароци, легати и друго).”

Член 3

Во членовите 161 точки 2, 3, 4 и 6, 165 ставови 1 и 3 точки 1 и 2, 166 став 3 точка 1 и 167 став 1 по зборовите: “заштитено подрачје”, односно по зборовите: “заштитените подрачја” се става запирка и се додаваат зборовите: “освен во заштитеното подрачје национален парк”.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.